РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-78/1 од 31.12.2025 година, поднесена од непознат подносител, со наводи поврзани со наводни незаконитости во постапка за полагање тест за добивање безбедносен сертификат, **СЕ ОТФРЛА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не постојат елементи за надлежно постапување по предметниот случај, од причина што пријавата не содржи доволно конкретни и проверливи податоци со кои би можеле да се конкретизираат пријавените наводи, не се наведени имиња и идентификувачки податоци за лица на кои се однесуваат наводите, а со оглед дека се работи за анонимна пријава, не постои можност за прибавување на дополнителни информации.

Предметот со број 12-78/1 од 31.12.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 31.12.2025 година, доставена е анонимна пријава и оформен е предмет со број 12-78/1, во која се изнесуваат наводи за наводни неправилности и незаконитости поврзани со постапката за полагање тест за добивање безбедносен сертификат.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата се опишуваат дејствија и околности од општ карактер, при што се наведува дека одредени лица наводно имале привилегиран третман при полагањето на тестот, како и дека биле овозможувани повторни полагања под исти или слични услови. Притоа, во пријавата не се наведени имиња и презимиња на конкретни лица, или други податоци со кои би можело да се изврши нивна идентификација.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија констатира дека истата не содржи доволно конкретни и проверливи податоци, односно не се наведени имиња и презимиња на лица, ниту се наведени конкретни факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за постапување во рамките на надлежностите на Комисијата.

Дополнително, имајќи предвид дека се работи за анонимна пријава, Државната комисија нема можност да обезбеди дополнителни информации, појаснувања или докази од подносителот на пријавата, со што е оневозможена проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, поради што оцени дека не постојат елементи за надлежно постапување по предметниот случај или препраќање на надлежно постапување на друг државен орган.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК